Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

# КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА

# 2021 - 2022

# ВОВЕДЕН ЗБОР



Почитувани граѓани,

Владата на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана поставија нови стандарди во транспарентноста и отвореноста кон медиумите и јавноста. Нетранспарентноста на претходната власт направи голема штета на просторот за работа на медиумите, беше невозможно да се види како се трошат парите на граѓаните, и сето тоа беше на штета на јавниот интерес. Сметам дека политичарите и медиумите треба да работат за иста цел – за доброто на граѓаните, за јавниот интерес. Од нашите одлуки зависат резултатите, а јавноста треба да нè поправа и да нè поттикнува подобро да работиме. Тој поттик е добредојден за секој политичар кој не е дојден на функцијата за своја корист, туку за доброто на граѓаните.

Во 2020 година Министерството за одбрана ја доби највисоката оцена за транспарентност од Центарот за граѓански комуникации – прво место меѓу сите институции на државно и локално ниво. Тоа е неверојатен скок: за само 3 години прескокнавме цели 45 места. Следеа уште две потврди на ваквиот пробив во транспарентноста и доброто владеење.

Првиот беше меѓународна потврда од Transparency International кој ги рангираше одбранбените сектори во Централна и Источна Европа. Во тоа истражување постигнавме (за многумина) неочекуван резултат – бевме на високото 2. место по интегритет во работењето. Со тоа, бевме препознаени како подобри од 4 земји членки на ЕУ и 6 земји членки на НАТО.

Според истражувањето на Метаморфозис и на ACTION SEE, Министерството за одбрана е на второ место во оценката за добро владеење и отвореност на институцијата, а на ниво на цела држава, Северна Македонија е на прво место во регионот, оценета како земја со најотворена извршна власт, пред Црна Гора, Србија и БиХ.

Еве како Министерството за одбрана, кое беше една од најзатворените институции до пред 3 години, изби на првата позиција според активната транспарентност.

Пред сè, донесовме одлука да го преиспитаме превезот – класифицирано, тајно, кој се користеше за многу информации кои по ниту еден критериум не можат да бидат тајни. Како може да е тајна на што министерот ги троши парите? Какви резултати постигнува? Како се спроведуваат тендерите и јавните набавки? Колку се троши на ручеци, за што се троши? Што се работи во Министерството?

Потоа, во консултација со невладините организации кои ја следат транспарентноста на институциите, ги објавивме сите информации за кои тие сметаат дека е важно да бидат на увид на јавноста за да се смета работата на Министерството за транспарентна. Немаме што да криеме и не го правиме тоа, а со стандардите кои ги поставивме, не верувам дека во иднина некој повторно ќе може да го затвори Министерството и да има добро објаснување за тоа. Активната транспарентност – а тоа е објава на информациите и пред да биде поставено прашањето, е најдобрата одбрана од корупција и неефикасност во работењето, а кога имаме таква одбрана, имаме и подобри резултати.

Лидерската позиција и двете вицешампионски места нè прават горди, но ни даваат и мотив да бидеме уште подобри, затоа што отвореноста за нас не е исклучок, туку правило и стандард. Продолжуваме со изработка на нови планови за интегритет кои ќе ни помогнат да бидеме уште поотворени и поодговорни.

Комуникациската стратегија која ја изработивме е уште еден чекор за поголема отвореност кон граѓаните и кон медиумите. Во неа даваме јасни и прецизни насоки за тоа кои се нашите цели и приоритети, но, уште поважно, кои се нашите вредности и принципи Од нив се водиме кога го одредуваме нашиот пристап кон јавноста и јавниот интерес.

Додека за некои одбраната секогаш ќе биде област која е затворена ако сака да биде ефикасна, ние покажавме дека токму одбраната може да го предводи системот кон реална отвореност, транспарентност, отчетност. Тоа се столбовите на кои го изградивме нашиот кредибилитет, и тоа беше тестот на нашиот интегритет.

Нема да застанеме тука. Оваа 2021 година ќе покажеме дека со истата посветеност со која избивме на првото место во транспарентност, ќе развиеме систем кој ќе се бори со можеби најприоритетното безбедносно прашање денес – справувањето со дезинформациите. Во рамките на Министерството развиваме Центар кој активно ќе се бори со ова зло, бидејќи нема безбедност таму каде што владеат лагите.

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА

**Радмила Шекеринска**

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Почитувани,

Местото кое Министерството за одбрана го зазема во контекст на својата отвореност и пристапност е резултат на нашата искрена намера и целосна посветеност кон односите со јавноста и нивното практикување во согласност со високите норми, принципи и правила. Резултатите кои се поддржани од факти, говорат и за силниот професионализам и ентузијазам со кој му пристапуваме на развојот на оваа област.

Комуникациската стратегија која е пред вас, на пластичен и едноставен начин покажува кои се нашите приоритети во одбраната, во комуникациска смисла. Таа се состои од План за комуникации во пет теми од домашен аспект и три теми од аспект на надворешната публика кои се значајни и кои јасно покажуваат кои се целите на кои сме им посветени за да ги исполниме.

Уште поважно, Стратегијата ги покажува вредностите и принципите на системот за стратегиски комуникации и односи со јавноста. Кредибилитетот на институцијата и на комуникаторите кои се дел од одбраната е неприкосновен стандард. Тоа е принцип кој е цврсто втемелен во нас, принцип кој секогаш ќе нè води во сите наши активности. Ние ја реализираме нашата визија за отворена и отчетна одбрана која секогаш ќе биде посветена на интересот на граѓанинот, а тоа го постигнуваме преку внимателно и прагматично водство, но и преку несебичното вложување на секоја индивидуа која е дел од системот на комуникации во Министерството.

Предизвици на полето на комуникациите постоеле и ќе постојат. Она што е важно е системот за односи со јавноста да остане агилен и приспособлив за да може најефикасно да одговори на овие предизвици. Во таа насока е и нашата цврста определба да изградиме Центар за справување со дезинформации, кој ќе биде производ на синергијата која веќе постои во Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка.

Рецептот за успех на полето на комуникациите и односите со јавноста е составен од висока професионалност, целосна мотивираност и сериозна поддршка од лицата кои ги носат одлуките. Ние, ги имаме сите овие состојки и затоа немам сомнеж во континуираниот успех во оваа област и во иднина.

Раководител на Секторот за комуникации,
аналитика и оперативна поддршка

**полковник Иван Атанасоски**

# I. ПЛАН ЗА КОМУНИКАЦИИ

Министерството за одбрана е релевантна, кредибилна и отворена институција, која со јавноста комуницира брзо, ефикасно, навремено и со фактички точни информации.

Според Индексот за активна транспарентност за 2020 година Министерството е прва, најтранспарентна институција во државата на централно и на локално ниво. Проактивното комуницирање со клучната публика е резултат на политиката на Министерството за одбрана во делот на транспарентноста, која се темели на принципи кои произлегуваат од највисоките демократски вредности. Наша главна заложба е јавниот интерес, односно интересот на дефинираната клучна публика, дома и во странство.

Планот за комуникации на едно место ги систематизира темите, наративите и пораките кои можат да бидат водилка во пренесувањето на информациите од областа на одбраната за домашната јавност, како и за странската јавност со посебен фокус на НАТО–алијансата и јавноста во земјите членки. Нашата цел е да ги доближиме приоритетите и политиката во одбраната до секој граѓанин на Северна Македонија, до секој граѓанин на земјата сојузник во НАТО.

Планот за комуникации дефинира теми, наративи и пораки за домашната јавност и нејзините интереси за одбраната и екстерната јавност (НАТО и земјите членки), со главен фокус на придобивките за оваа публика од членството на Северна Македонија во Алијансата.

Комуникацискиот план произлегува од Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020 – 2024 година и од приоритетите на Министерството за одбрана.

Министерството за одбрана активно комуницира со публиката на следните теми:

## ДЕЛ 1. ДОМАШНА ЈАВНОСТ

ТЕМА 1 – НИЕ СМЕ НАТО, НИЕ СМЕ БЕЗБЕДНИ И ПРОСПЕРИТЕТНИ

ТЕМА 2 – АРМИЈАТА ВО НАТО, НАТО ВО АРМИЈАТА

ТЕМА 3 – ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ И НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

ТЕМА 4 – РОДОВА ЕДНАКВОСТ И РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА

ТЕМА 5 – КАПАЦИТЕТИ ВО СЛУЖБА НА КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

## ДЕЛ 2. ЕКСТЕРНА ЈАВНОСТ: НАТО И ЗЕМЈИТЕ - ЧЛЕНКИ

ТЕМА 1 – НАТО СО ТРИЕСЕТТАТА: ЗАЦВРСТЕНА БЕЗБЕДНОСТ, ВТЕМЕЛЕНА СТАБИЛНОСТ

ТЕМА 2 – МКД ВО НАТО – НАШИОТ ПРИДОНЕС КОН КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

ТЕМА 3 – РЕГИОНАЛЕН И ГЛОБАЛЕН МИР. ОПРЕДЕЛБА НА НАТО, ОПРЕДЕЛБА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ДЕЛ 1.
# ДОМАШНА ЈАВНОСТ

# ТЕМА 1 – НИЕ СМЕ НАТО, НИЕ СМЕ БЕЗБЕДНИ И ПРОСПЕРИТЕТНИ

Нашата татковина по три децении напори, со храброст, посветеност и решителност го достигна својот сон – членството во НАТО – Алијансата. Но тоа не е крај, туку почеток на едно ново поглавје за нас и нашата држава. Северна Македонија повеќе не стои зад вратата кога се носат одлуките за регионот, за континентот, за светот, туку активно учествува и придонесува во овие дискусии, секогаш водејќи сметка за сопствените интереси. Целта на нашата одбранбена и безбедносна политика е да обезбеди мирен развој, независност и суверенитет на државата, територијален интегритет, уставен поредок и безбедност на граѓаните.



Пандемијата со која се соочува човештвото на глобално ниво, уште еднаш покажа дека здравјето на граѓаните е најважно. Без здрава нација нема напредок. Пандемијата на корона – вирусот е заеднички предизвик и бара заеднички одговор. Кризата служеше како катализатор за развојот на внатрешната и надворешната меѓуинституционална соработка. Научивме дека сме си потребни еден на друг и дека ќе продолжиме да развиваме заеднички капацитети кои ќе бидат подготвени да делуваат превентивно, и во кризни и вонредни состојби. Во тешки и живото-загрозувачки услови, Армијата го положи тестот на својата ефикасност, и тоа преку нејзиниот зголемен ангажман и зголемена одговорност во поддршка на полицијата, на здравствениот систем, на институциите на државата. Тоа беше можно благодарејќи и на бројните НАТО вежби и обуки, но и на помошта од страна на сојузниците која пристигна прва, преку НАТО – механизмот „Центар за одговор на непогоди".




Безбедноста гарантира и засилен економски раст. Членството во НАТО носи нови можности, нов пазар и побрз прогрес. Нашата цел е преку одбранбената политика да обезбедиме мирен развој , независност и суверенитет на државата, сигурност за граѓаните и бизнисот. Членството во НАТО е гаранција за нови инвестиции во државата, но и шанса за нашата бизнис заедница и компании да учествуваат во големиот синџир на набавки/снабдување со производи за потребите на НАТО алијансата. Формираме Центар за поддршка на домашните компании при настап на НАТО – тендери. Обезбедуваме целосна комуникација помеѓу нашите комори и релевантните НАТО агенции.

**Оттука:**

1. Република Северна Македонија е полноправна членка на НАТО, еднаква помеѓу еднаквите во најмоќната воено–политичка Алијанса. Ние не сме на маргините на развиениот свет, туку заедно со најмоќните, на истата маса донесуваме одлуки за побезбеден свет. Северна Македонија во НАТО е уште една гаранција за суверенитетот и територијалниот интегритет на државата.

2. Солидарноста ја гледаме на дело: COVID – 19 е заеднички предизвик, заеднички, сплотено и солидарно ќе се избориме со него! Цврсто веруваме во принципот „еден за сите, сите за еден". Сојузништвото значи заедништво, помош и поддршка во најтешките моменти.

3. Загарантираната безбедност е и гаранција за побрз економски развој и инвестиции. Членството во НАТО значи стабилност и нови инвестиции во државата. Целосно сме посветени на поддршката на нашата бизниси-заедница во настапот на пазарот на НАТО. Повеќе НАТО – тендери, поголем економски развој.

# ТЕМА 2 – АРМИЈАТА ВО НАТО, НАТО ВО АРМИЈАТА

Нашата основна заложба е континуиран раст на средствата за одбраната. До 2024 година, Северна Македонија ќе алоцира 2 проценти од бруто-домашниот производ за одбраната. Патот до оваа цел го чекориме и со буџетот за 2021 година, кој порасна за речиси десет проценти во однос на буџетот за 2020 година. Го децентрализираме буџетот и покрај отчетноста ги спуштаме овластувањата на ниво на командите на Армијата. Ќе предложиме измени во Законот за јавни набавки со кои се овозможува директно управување со финансиски средства во износ од околу 500 евра од страна на командите и касарните. Поголем буџет за одбраната значи поголем буџет за подобри услови, подобра опрема, поголеми вештини на секој припадник на Армијата според приоритетите за опремување на декларираните сили преку повеќегодишни проекти.

**БУЏЕТИ ПО ГОДИНИ И ПРОЦЕНТ ОД БДП | BUXHETI NË VITE DHE PËRQINDJE NGA BPV**

| ГОДИНА/VITI | ИЗНОС/SHUMA | % ОД БДП % NGA BPV |
|---|---|---|
| 2018 | 6.232.000.000 денари/denarë | 0,95% |
| 2019 | 8.310.755.000 денари/denarë | 1,19% |
| 2020 | 10.133.000.000 денари/denarë | 1,37% |
| **2021** | **11.097.000.000 денари/denarë** | **1,57%** |

Стабилното финансирање на Армијата ќе овозможи зголемување на борбената готовност и интероперабилност на Армијата и нејзина сериозна модернизација, како и подобрување на условите за работа. Тежиштето на модернизацијата е на декларираните сили, поточно Лесната пешадиска борбена група. Во согласност со Планот за опремување и модернизација на Армијата и приоритетите за опремување на декларираните сили преку повеќегодишни проекти, набавуваме лесни оклопни возила, неборбени возила, логистичка опрема, информатичка опрема и опрема за сајбер–заштита, опрема за пешадиски и извидувачки единици, артилериски средства. Планираме воведување на воено воздухопловство од западно производство, како и набавка на системи за противвоздушна одбрана. Ги засилуваме обуките и вежбовните активности во контекст на НАТО, истовремено водејќи грижа за животната средина.



За нас најважен е припадникот на Армијата, службеникот во Министерството. Нивната мотивација, нивната посветеност на одбраната, но и нивната позиција во општеството. Мотивацијата кај вработените значи и силна институција, подготвена да се справи со сите предизвици. Го вративме достоинството на „луѓето во униформа“ и ги направивме достојни на нивното место во општеството како лица во кои граѓаните имаат најголема доверба. Го зголемуваме интересот за воената професија – доказ за тоа е фактот дека за едно ново работно место во Армијата се пријавуваат просечно десет кандидати. Квантитет кој носи квалитет. Со членството во НАТО, целосно ги отворивме вратите кон можностите за доедукација и усовршување. Обуките за земјите на НАТО се обуки достапни за нас. Вежбите на Алијансата се отворени и за нашата, НАТО – Армија.



**Оттука:**

1. Целосно сме посветени на стабилното финансирање и децентрализацијата на финансиската одговорност, овластувања и отчетност на командантите. Продолжува растот на одбранбениот буџет. Секоја година има повеќе пари за помотивирана, помодерна, посилна НАТО–Армија. Овозможуваме 500 евра буџет за секоја команда – го децентрализираме буџетот, со зголемени овластувања и зголемена отчетност кај командантите. Парите од граѓаните се пари за Армијата. Пари за подобри услови, подобра опрема и поголеми вештини на секој припадник на Армијата.

2. Реконструкцијата, ревитализацијата и развојот се наши приоритети. Ги подобруваме условите за работа, модернизацијата е во тек. Набавуваме нова опрема, нови одбранбени системи за силна и мотивирана војска. За НАТО – Армија, потребни се НАТО – услови. Целосно се реконструирани три големи објекти на Армијата во најголемата касарна, касарната „Илинден“. Во 2021 година, 25 проценти повеќе средства за реконструкција на објекти и инфраструктура. Започнавме со набавка на нови и најсовремени воени возила и оклопни транспортери „Oshkosh JLTV“ и „Stryker“. Набавуваме и неборбени возила. Ја развиваме сајбер-одбраната. Планираме воведување на воено воздухопловство од западно производство и системи за противвоздушна одбрана. Купуваме опрема за лична заштита за нашите војници. Внимаваме на животната средина: планираме изградба на нови објекти со имплементација на обновливите извори на енергија и мерна станица за контрола на квалитетот на животната средина.

3. Го развиваме најважното – човечките капацитети. Овозможуваме стабилна и развојна кариера, постојана едукација и доусовршување, обуки и вежби. Човечкиот потенцијал е нашето најголемо богатство. Мотивацијата и посветеноста на секој војник е рецепт за успешна одбрана. Поголемите плати, решавањето на круцијалното станбено прашање преку закупнина за сите припадници на Армијата, почитувањето на одредбите од колективниот договор кои значат повеќе пари за вработените – тоа го направивме, го правиме и ќе го правиме. Воедно, ја подмладуваме Армијата. Воената професија станува интересна за граѓаните. За едно работно место се пријавуваат десет кандидати. Сите НАТО–обуки се обуки достапни за припадниците на Армијата на Република Северна Македонија. Вратите се отворени, намерата е јасна. Создавање на вистински НАТО-офицери, подофицери и професионални војници. Ги интензивираме и заедничките вежбовни активности, дома и кај сојузниците. Ја развиваме интероперабилноста, која е основа за заедничкото работење и за функционирање на системот на колективната одбрана која е наш, заеднички заштитен чадор.

# ТЕМА 3 –ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ И НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

Министерството за одбрана е прворангирано на листата на сите централни и локални институции според Индексот на активна транспарентност за 2020 година. Граѓаните имаат најголема доверба во Армијата. Јавноста, отвореноста и транспарентноста се нашиот код. Нашиот принцип е јасен – остануваме максимално отворени кон граѓаните. Остануваме на самиот врв.

Грижата за безбедноста на граѓаните е наш императив. Активно учествуваме кон анулирање на сите предизвици по животот на граѓаните, особено во време на елементарни непогоди и кризи. Поддршката на полициските сили во време на пандемијата на корона-вирусот е само еден пример за нашата вклученост во системот за управување со кризи, но и за нашата посветеност да помогнеме секогаш и секаде. Во таа насока, го поддржуваме и процесот на воведување на системот за повици 112, кој ќе ја зголеми брзината и ефикасноста при одговор на секоја индивидуална потреба.

Од 2022 година, македонската наука добива поддршка и од буџетот на Министерството за одбрана за проекти од интерес на одбраната. Во соработка со домашните универзитети ќе се воведе буџетска линија за поддршка на секој проект кој ќе обезбеди финансиска поддршка за одбранбените научни фондови од земјите членки на НАТО или од Алијансата.

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| | **МНОГУ ДОБРА** | |
| 1 | Министерство за одбрана | 97,9 % |
| 2 | Велес | 94,4 % |
| 3 | Карпош | 91,4 % |
| 4 | Крива Паланка | 89,9 % |
| 5 | Битола | 88,4 % |
| 5 | Демир Хисар | 88,4 % |
| 7 | Македонска Каменица | 85,9 % |
| 8 | Валандово | 85,5 % |
| 9 | МВР | 85,4 % |
| 10 | Министерство за финансии | 85,2 % |
| 11 | Зрновци | 84,5 % |
| 12 | Гази Баба | 84,1 % |
| 12 | Струмица | 84,1 % |
| 14 | МИОА | 83,3 % |
| 14 | Влада на РСМ | 83,3 % |
| 16 | Делчево | 82,6 % |
| 16 | Куманово | 82,6 % |
| 18 | МЗШВ | 81,3 % |
| 18 | Министерство за здравство | 81,3 % |
| 20 | Кавадарци | 80,3 % |
| 20 | Охрид | 80,3 % |



**Оттука:**

1. Министерството за одбрана е на првото место на независното мерење на Активната транспарентност. Прв пат, централна институција е на самиот врв, прв пат одбраната е најтранспарентна. Со 97,9% избивме на врвот на Индексот на активна транспарентност. Работиме за јавниот интерес, покажуваме дека за нас е важно граѓаните да се информирани каде се вложуваат средствата од буџетот. Нивните средства. Над 70 проценти од граѓаните имаат доверба во Армијата, институција која има долго реноме како институција со најголема доверба во државата, и тоа не е случајно. Армијата постои за граѓаните, за нивните потреби, за нивната сигурност.

2. Продолжуваме да придонесуваме во оперативните тимови за брза интервенција за заштита и спасување во системите за управување со кризи. Граѓаните ни се на прво место. Тоа го покажавме и за време на кризата со пандемијата на COVID–19. Ја поддржуваме реформата на системот за управување со кризи и даваме свој придонес во изградба на отпорно општество од кризи и катастрофи. Во првата половина од мандатот на Владата се воведува системот за повици 112. Го поддржуваме овој процес. Со еден повик, граѓаните ја добиваат итната поддршка која им е најпотребна. Брзо, ефикасно!

3. Ја поддржуваме македонската наука. Воведуваме буџетска линија во буџетот на МО за поддршка на научни проекти од интерес на одбраната. За науката имаме поддршка и од Алијансата. Министерството за одбрана ќе го поддршки секој начуен проект кој ќе обезбеди финансиска поддршка од научните фондови на земји членки на НАТО или од Алијансата. Членството во НАТО значи и можност за извлекување на искуства и научени лекции од проектите изработени во рамки на програмата на НАТО, „Науката за мирот“ (Science for Peace). Пример за тоа е проектот НИКС за дигитализација на кризниот менаџмент со една цел: подобро справување со кризи, побрзо делување, спасени животи.

# ТЕМА 4 – РОДОВА ЕДНАКВОСТ И РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА

Министерството го води процесот кој резултираше со изработка на Втор Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Рез.1325 Жени, мир и безбедност на СБ на ООН 2020 – 2025. Родовата еднаквост за нас е начин на работа. Армијата станува родово сензибилна средина, во која и мажите и жените ги имаат истите обврски, истите одговорности, истите можности.

Жените треба да учествуваат подеднакво со мажите на сите нивоа во целиот животен и работен век. За таа цел се овозможуваат услови за транспарентно, инклузивно и еднакво работно опкружување за жените и за мажите. Така, ние, целосно ќе ги искористиме сите наши неоткриени капацитети, потенцијали и иницијативи. Се фокусираме на грижата на здравјето на жените на работното место, применуваме механизми за баланс на професионалниот и приватниот живот и ја подобруваме и прилагодуваме постојната инфраструктура и условите на работното место за жените.



Изборот, унапредување и задржувањето на жените на сите позиции, станува и наша реалност. Со поддршка на законските и подзаконските акти, политики и процеси, ќе дадеме можност за поголема застапеност на жените на сите позиции и зголемен број на жени на раководни и командни позиции.

**Оттука:**

1. Постигнување родова еднаквост во земјата, сузбивање на родовите стереотипи и елиминирање на родово-базираното насилство. Министерство за одбрана е носител на активностите поврзани со изработката, усвојувањето и имплементацијата на Втор Национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуцијата 1325 Жени, мир и безбедност на СБ на ООН 2020 – 2025 во државата. Ја имплементиравме родовата структура во Министерството и во Армијата. Нашите вработени стануваат родово сензибилни и свесни за потребата од целосна родова рамноправност. Овозможивме директно и дискретно пријавување на семејното насилство. Семејното насилство се храни од стравот на жртвите, силата на насилниците, но и од молкот на околината. Тука сме да помогнеме секому кому му е потребна помош. Да реагираме пред да биде предоцна.

2. Го подобруваме статусот и условите за работа на жените во Армијата и Министерството. Водиме грижа за здравјето на жените на работното место. Родовата сензибилност значи и подобрување на инфраструктурата и на условите на работното место за жените.

3. Водиме активна политика за зголемување на застапеноста на жените во Армијата и Министерството и нивно напредување и назначување на извршни и раководни и командни функции. Имаме еднаков пристап во процесот на селекција и инклузивност во процесот на унапредување во раководни и лидерски позиции. Ги охрабруваме жените-лидери да веруваат во себе, во своите вредности и способности за раководење, и нивно профилирање во позитивни примери во општеството.

On-line кампања 2020






On-line кампања 2020

# ТЕМА 5 – КАПАЦИТЕТИ ВО СЛУЖБА НА КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Северна Македонија има капацитети со кои дава свој несомнен придонес кон колективната безбедност. Експертите од НАТО и САД високо ги оценуваат капацитетите на армискиот полигон „Криволак". Досегашните вежбовни активности на сојузничките армии се потврда за тоа. Ќе продолжиме да инвестираме во овој уникатен полигон кој станува и домашен, но и НАТО ресурс, што ќе придонесе и кон зацврстување на локалната и на националната економија.

Пандемијата, нашиот најголем предизвик на крајот на втората и почетокот на третата декада на 21.век, покажа дека секојдневно се соочуваме со ширење на дезинформации и лажни вести чија основна цел е рушење на кредибилитетот на институциите и воведување страв и паника кај граѓаните. Правиме решителни чекори за борба со ова модерно зло. Регионалниот центар за односи со јавноста веќе е етаблиран како високо квалитетен центар, уникатен по својата програма за едукација во рамки на Алијансата. Неговата поставеност, регионалниот карактер и досегашното искуство претставува совршена можност за негово етаблирање како уникатен Центар за справување со дезинформации и лажни вести.

Северна Македонија е одговорен член на меѓународната заедница. Грижата и поддршката кон глобалната безбедност е и наша задача. Нашата земја од 2002 година активно учествува во мировни мисии на Алијансата, додека истовремено придонесуваме и во мисии на Обединетите Нации и на Европската Унија. Придонесот во мисии е двонасочна улица – го поддржуваме глобалниот мир, додека истовремено се стекнуваме со значајни искуства и ја развиваме интероперабилноста со сојузниците.








**Оттука:**

1. „Криволак“ е капацитет на Северна Македонија, но и капацитет на НАТО. Затоа на овој полигон развиваме инфраструктура и воспоставуваме нови содржини. Интензивно работиме на инфраструктурното поврзување на полигонот, развојот на нови содржини и решавање на проблемот со водоснабдување на овој наш ресурс. Го развиваме Криволак, но истовремено внимаваме и на зачувувањето на животната средина со обезбедување на постојана мерна станица. Со инвестиција на Криволак развиваме посилна локална економија. Со секоја вежба се отвора уште една можност за зајакнат локален развој.

2. Со етаблиран партнерски центар до ефикасни капацитети за справување со дезинформациите и лажните вести. Успеавме да го развиеме Регионалниот центар за односи со јавност во уникатен и кредибилен партнерски центар за обука и едукација во полето на односите со јавноста, што е од исклучително значење за сојузниците. Но, не застануваме тука. На овој Центар додаваме нови способности и содржини и тој прераснува во Центар за справување со дезинформации и лажни вести. Во рамките на Секторот за стратегиски комуникации креираме сеопфатен систем за справување со дезинформации и лажни вести. Правиме синергија од сите достапни капацитети и градиме нови.

3. Ја поддржуваме глобалната безбедност, кај нас се зацврстува регионалната стабилност: Северна Македонија го продолжува своето учество во мировните мисии на НАТО, ООН и ЕУ. Нашите припадници остануваат ангажирани во мисијата на НАТО, „Одлучна поддршка“ во Авганистан, во мисијата на ООН, УНИФИЛ во Либан и во операцијата АЛТЕА на ЕУ во Босна и Херцеговина. Учествуваме во рамки на мисијата на ЕУ во Централноафриканската Република, а се планира и можно учество во рамките на силите на НАТО на Балтикот. Припадници на Армијата се дел и од силите КФОР на Косово, со што ја зацврстуваме стабилноста, мирот и безбедноста во најблиското соседство. Безбеден регион, значи и безбедна Северна Македонија. Станавме домаќин на Бригадата на Југоисточна Европа. Главниот штаб на една од најистакнатите регионални иницијативи во следните шест години е стациониран во Куманово.

# ДЕЛ 2.

# ЕКСТЕРНА ЈАВНОСТ: НАТО И ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ

# ТЕМА 1 – НАТО СО ТРИЕСЕТТАТА: ЗАЦВРСТЕНА БЕЗБЕДНОСТ, ВТЕМЕЛЕНА СТАБИЛНОСТ

Членството на Република Северна Македонија во Алијансата претставува уште една компонента која ја зацврстува безбедноста и стабилноста на Југоисточна Европа, регион кој е инкорпориран во рамките на Евроатлантската област. Македонското општество се базира на истите принципи кои се дел од кодот на нашите сојузници: Северна Македонија е функционална демократска држава во која се втемелени западните вредности – еднаквост по сите основи, владеењето на правото, слободите на говор и изразување. НАТО заштитува (protects), НАТО обединува (unites), НАТО зацврстува (strengthens) – тоа е нашата заедничка мисија. Северна Македонија вложува во одбраната, ја модернизира опремата. Цврсто сме одлучни да опстанеме на патот до проектираните 2 проценти од БДП за одбраната, што се гледа и во растот на буџетот за 0,2 проценти од БДП секоја година.

ВЛОЖУВАМЕ (во одбраната). МОДЕРНИЗИРАМЕ (опрема и вооружување). УЧЕСТВУВАМЕ (во мировни мисии).



# ТЕМА 2 – МКД ВО НАТО – НАШИОТ ПРИДОНЕС КОН КОЛЕКТИВНАТА БЕЗБЕДНОСТ

Колективната безбедност е основната придобивка за секоја од нас, триесетте. Северна Македонија цврсто верува во принципот „еден за сите, сите за еден“, и во таа насока сите свои капацитети целосно ги отвора кон сојузниците. Предизвиците по секоја од нас, стануваат и наши предизвици кои можеме да ги решиме само заедно, здружени и сплотени. Армискиот полигон „Криволак“, оценет од домашните експерти и од експертите на нашите сојузници како уникатен капацитет за реализација на вежби во најреални можни услови станува НАТО ресурс. Вложуваме интензивно во развојот на неговата инфраструктура и во содржините кои тој им ги нуди на вооружените сили на сите земји–членки на Алијансата. Впрочем, неговата вредност се потврди и при реализација на вежбата „Одлучен удар“ во 2019 година, со околу 2.700 припадници на, сега, шест земји-членки на Алијансата (Северна Македонија, САД, Бугарија, Црна Гора, Албанија и Литванија). Интероперабилноста како една од најважните вештини која ни овозможува да работиме заедно, користејќи ги истите, хармонизирани, стандарди, доктрини и процедури, ќе продолжиме да ја развиваме и при следната голема воена вежба планирана за 2021 година, „Одлучен удар 21“, која е планирано да се реализира токму на овој полигон, со учество на околу 2.000 војници од четири НАТО – сојузници (Северна Македонија, САД, Бугарија и Грција).



Стратегиските комуникации од земјата и од Алијансата се препознаени како едно од клучните безбедносни капацитети на 21 век, и во таа насока го развиваме и уште поинтензивно ќе продолжиме да го развиваме Регионалниот центар за односи со јавноста, сертифициран НАТО – партнерски центар за обука и едукација, уникатен по својата понуда како центар ексклузивно посветен на обучувањето на идните офицери и специјалисти за односи со јавноста. На веќе воспоставениот центар му додаваме нова клучна вредност – борбата против дезинформациите и лажните вести. Посветени сме овој центар да го изградиме како Центар за справување со дезинформации и лажни вести. На тој начин ги помагаме заедничките напори на Алијансата за јавно мислење базирано на фактички точни информации, истовремено анулирајќи ги штетните влијанија на лажните вести.

# ТЕМА 3 – РЕГИОНАЛЕН И ГЛОБАЛЕН МИР. ОПРЕДЕЛБА НА НАТО, ОПРЕДЕЛБА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Повеќедецениското учество во мировните мисии[1] на Алијансата ја покажува цврстата определба на државата за поддршка на сојузничките политики и напорите за воспоставување глобален мир и безбедност. Мирен, безбеден, просперитетен Авганистан е и наша цел. Со сојузниците сме „заедно внатре, заедно надвор". Остануваме со свој придонес во мисијата „Одлучна поддршка" во Авганистан.

Северна Македонија во 2010 година беше 4-тата најголема земја-придонесувач во оваа мисија (per capita), факт кој покажа дека нашите сили се навистина „рамо до рамо" со, тогаш партнерите, денес нашите 29 сојузници. Останавме посветени на заедничката намера – безбеден и демократски Авганистан и по завршувањето на оваа мисија, задржувајќи го нашиот придонес и во мисијата – наследник на ИСАФ, „Одлучна поддршка", каде и денес имаме свое значајно учество.

Не заборавивме ниту на нашите заеднички цели – мирен и безбеден регион. Северна Македонија го зазема своето место како столб на безбедноста во регионот. Од 2007 година даваме суштинска логистичка поддршка на НАТО–операцијата на Косово. Од 2020 година придонесот добива нова вредност – првата ротација на припадници на Армијата во КФОР брои 44 мировници, а во 2021 година, оваа бројка се зголемува на вкупно 180.

Визијата на НАТО за безбеден свет е и наша визија, напорите на Алијансата во достигнувањето на оваа визија се и наши напори, затоа што знаеме дека <u>заедно сме посилни</u>.



[1] од 2002 година во мисија ИСАФ во Авганистан; 2010 година , 242 војници – 4. земја придонесувач во ИСАФ, per capita

# II. СИСТЕМ НА КОМУНИКАЦИИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Министерството функционира според принципот на „максимална отвореност со минимално одложување", додека истовремено во континуитет истото се етаблира како најбрзиот извор на комплетно точни и проверени информации, односно како првиот и најкредибилниот извор на информации во доменот на одбраната и безбедноста во нашата држава. Тоа подразбира и континуирано креирање на бренд кој е препознатлив и во кој граѓаните имаат неприкосновена доверба.

Еден од фундаментите за ефикасна комуникација е развојот на сеопфатен процес на стратегиски комуникации во Министерството и во Армијата на Република Северна Македонија, кои во основа за овие две институции значи ефикасно и ефективно координирање и имплементирање на своите комуникациски активности и способности, како поддршка на останатите политики, операции и активности за исполнување на целите на државата, Министерството и Армијата.

На стратегиските комуникации се гледа како на приспособлив процес кој овозможува темелно да се разбере целната публика, да се врши континуирана координација и синхронизација на наративите, темите и пораките, како и да се утврди конкретниот резултат од преземените активности. Главната придобивка од воспоставувањето на ефикасен систем на стратегиските комуникации е можноста за координирано, превентивно, проактивно и реактивно пласирање на информации низ сите канали и со сите соодветни алатки на односите со јавноста во клучен момент за остварување на визијата и мисијата на Министерството и на Армијата.

Министерството и Армијата континуирано комуницираат со јавноста на начин со кој на јавноста и се укажува за што треба да размислува, наместо што да мисли. Јавниот интерес е наша главна заложба. Информирањето на граѓаните се базира на точни, јасни и навремени информации, користејќи различни канали за комуникација, најсоодветни за дефинираните клучни публики, дома и во странство.

Системот на комуницирање во Министерството за одбрана е во фаза на трансформација, а главната цел е зголемување на неговата ефикасност и ефективност. Трансформацијата опфаќа консолидација на капацитетите за односи со јавноста во Сектор за стратегиски комуникации кој ќе биде основниот нуклеус за координација на комуникациските активности. Секторот се состои од Одделение за односи со јавноста, Одделение за медиумски анализи, Одделение за издавачка дејност и продукција и Одделение – Регионален центар за односи со јавноста. Функциите во овој сектор вклучуваат развој на системот за информирање, целосна организација на медиумски активности, изработка на пишан материјал во промоција на активностите на Министерството, публикување на информациите за активностите во Министерството и во Армијата, изработка на медиумски анализи и дневен преглед, како и реализација на обуки за унапредување на капацитетите за односи со јавноста во државата и во Алијансата.

### Кои се принципите на стратегиските комуникации според кои се водиме?

Стратегиските комуникации треба да се разберат како процес и начин на размислување кој овозможува пошироко сфаќање на карактеристиките на информациската средина во која главните наративи се преточуваат во конкретни теми од кои произлегуваат кампањи и активности.

Сите овие елементи се базирани на следните принципи и начела:

- Сите активности се базирани на вредностите на демократијата, вредности препознаени во државата, нејзините институции и НАТО алијансата;
- Активностите се спроведуваат во согласност со целите на Министерството и на Армијата утврдени во стратегиските документи, политиките и наративите;
- Кредибилитетот и довербата се од суштинско значење и како такви треба да имаат приоритет при спроведувањето на стратегиските комуникации;
- Зборовите мора да ги отсликуваат делата; делата мора да ги отсликуваат зборовите;
- Стратегиските комуникации се заеднички, координиран и интегриран процес на Министерството и на Армијата;
- Разбирањето на информациската средина во која се пласираат производи на односите со јавноста, користејќи соодветни алатки, преку соодветни канали, е од суштинско значење за постигнување на посакуваниот ефект. Тоа го подразбира и разбирањето, вредностите и размислувањата на целната публика;
- Разбирањето дека секое лице кое е составен дел од Министерството и Армијата е претставник на институцијата и во тој контекст ги пренесува пораките на институцијата по принципот „еден глас“;
- Разбирањето на секој вработен во Министерството и во Армијата дека припаѓа на еден заеднички колектив кој има иста цел, иста мисија и иста визија;
- Фокусот на сите активности на стратегиските комуникации е на постигнување на посакуваниот ефект и резултат(и).

Водиме сметка за професионализацијата на комуникациите во одбраната. Инвестираме во професионалците кои работат во овој домен, затоа што нивните способности значат и поефикасен систем за информирање. Овие службеници во Министерството се и владини комуникатори и во тој контекст го следат Кодексот за однесување на владините службеници за односи со јавност, според кој нивната основна должност е на јавноста да и пренесуваат официјални ставови и политики на Министерството и со својата етика, мотивираност, вештини и способности да придонесат кон основните принципи на функционирањето на извршната власт – транспарентноста, отвореноста и отчетноста.

Впрочем, принципите наведени во Кодексот на однесување на владините службеници за односи со јавноста се пресликуваат во целост. Службениците за односи со јавноста во Министерството за одбрана:

- ✓ секогаш ја кажуваат вистината;
- ✓ тие се непристрасни;
- ✓ внимателни се во својот пристап;
- ✓ ја задржуваат објективноста;
- ✓ носат одлуки исклучиво врз база на претходна анализа;
- ✓ обврските кои произлегуваат од службата ги ставаат пред личните интереси;
- ✓ кај нив постои исклучително развиена свесност за можноста од постоење на судир на интереси;
- ✓ тие јасно го одвојуваат своето приватно од професионалното делување.

Министерството ја препознава вредноста на новите комуникациски канали, социјалните мрежи кои овозможуваат директна и двонасочна комуникација со граѓаните, што е причина повеќе да бидеме активен учесник во оваа сфера. Нашата цел е да го привлечеме вниманието на граѓаните преку социјалните мрежи, но и активно и непосредно да им помагаме во разбирањето на одбранбениот систем, неговите функции и должности.

Комуникаторите во Министерството за одбрана внимаваат и на начинот на кој ги користат социјалните медиуми со свои приватни канали. Однесувањето на овие комуникатори на приватните канали, директно се поврзува со нивната личност и кредибилитет, кој се пренесува и во работната средина. Несомненото поврзување на однесувањето на личните профили со позицијата како службеници за односи со јавноста во Министерството за одбрана има потенцијал да нанесе штета на кредибилитетот на институцијата и заради тоа несоодветните комуникации кои содржат дискриминаторска, навредувачка, заканувачка содржина или елементи на говор на омраза треба во целост да се избегнуваат. Кредибилитетот на институцијата, која во комуницирањето се основа првенствено на фактичка точност, не смее да биде доведен во прашање.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка

Одделение за медиа и мултимедијална работа

Следете нè на:

@DefenceMKD @Defence_MKD Министерство за одбрана